"работа" точката се брише и се додаваат зборовите: "така што секогаш се дава приоритет на колективните заштитни мерки во однос на индивидуалните заштитни мерки".

Член 2

Во членот 23 став 1 точката се брише и се додаваат зборовите: "и за заменување на постојниот технолошки процес со понеопасен, односно побезбеден процес".

Во ставот 3 точката се брише и се додаваат зборовите: "или ќе користи надворешни услуги од специјализирани стручни организации за заштита при работа или лица".

Член 3

Во членот 24 по точката 11) се додава нова точка 12), која гласи:

"12) одбирање на методи за работа и производство со цел, особено да се намали монотоната работа со што ќе се намали штетниот ефект од таквата работа по здравјето на работниците".

Точката 12) станува точка 13) .

Член 4

Во членот 41 став 1 алинеја 5 запирката по зборот "работа" се брише и се додаваат зборовите: "кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три дена“.

Член 5

Во членот 43 став 1 по зборот "средина" се додаваат зборовите: "да учествува во планирањето и воведувањето на нови технологии во однос на последиците од изборот на опремата".

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Работникот има право да ги добие сите неопходни информации кои се однесуваат на ризиците по безбедноста и здравјето на работниците на работното место, како и мерките и активностите кои се преземаат за нивно отстранување.

Ако работникот смета дека преземените мерки и средства од страна на работодавецот се несоодветни за целосно обезбедување на безбедноста и здравјето на работниците на работното место има право да се жали до надлежната инспекција на труд".

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 4,5 и 6.

Член 6

Во членот 49 став 1 алинејата 3 се менува и гласи:

"- да се жали до инспекцијата на трудот ако смета дека преземените мерки и средства добиени од работодавецот се неадекватни за безбедноста и здравјето на работниците на работното место".

Во алинејата 4 по зборот "информации" се додаваат зборовите: "и да има пристап до сите документи".

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

"- да им се овозможи за време на инспекцискиот надзор на органите надлежни за инспекцијата на трудот да им ги достават своите забелешки во врска со заштитата при работа".

Во ставот 2 по зборот "функција" точката се брише и се додаваат зборовите: "со што ќе му овозможи доволно слободно време од работата без намалување на платата и соодветна опрема со потребните средства за извршување на неговите обврски кои произлегуваат од овој закон.".

Член 7

Во членот 50 зборот "Републичкиот" се заменува со зборот "Државниот".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**458.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2002 година.

Бр. 07-1783/1
24 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Член 1

Во Законот за инспекцијата на труд ("Службен весник на Република Македонија" број 35/97), во членот 1 зборот "Републичкиот" се заменува со зборот "Државниот".

Член 2

Во членот 3, став 2 зборовите: "главен републички инспектор за труд (во натамошниот текст: главен инспектор)" се заменуваат со зборовите: "директор на Државниот инспекторат за труд".

Член 3

Во членот 5 зборот "републички" се заменува со зборот "државни".

Член 4

Во членот 14 став 3 по зборовите: "книгата за надзор" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Книга за надзор набавува работодавецот кој е должен да ја чува во секој објект каде што ја врши својата дејност."

Ставот 4 станува став 5.

Член 5

Во член 21 став 3 зборовите: "главниот инспектор" се заменуваат со зборовите: "директорот на Државниот инспекторат за труд".

Член 6

Во членот 22 став 1 по точката 1) се додава нова точка 2), која гласи:

"2) не набави книга за надзор и не ја чува во секој објект каде што ја врши дејноста (член 14 став 4);".

Точката 2) станува точка 3).

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**459.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Фондот за осигурување на депозити,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2002 година.

Бр. 07-1768/1
23 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Член 1

Во Законот за Фондот за осигурување на депозити ("Службен весник на Република Македонија" број 63/2000) во членот 8 точка 1 зборовите: "тримесечни премии" се заменуваат со зборовите: "трикратен износ на премиите уплатени во месецот кој му претходи на месецот во кој настанал ризичниот настан".

Член 2

Во членот 9 став 2 точка 1 бројот "1.500" се заменува со бројот "3000", а точката 2) се менува и гласи:

"2) 90% од депозитот на секое физичко лице во една банка или штедилница до износот од денарската противвредност меѓу 3.000 ЕВРА и 10.000 ЕВРА, но не повеќе од денарската противвредност на 10.000 ЕВРА;".

Член 3

Во членот 10 став 1 точка 4 броевите: "2, 3 и 4" се заменуваат со броевите: "2 и 3".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**460.**

Врз основа на член 59 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/98 и 50/99), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 април 2002 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗБОРНИТЕ ЕДИНИЦИ БРОЈ 73 И 74 - ОПШТИНА ЦЕНТАР-ДЕЛ, ЧИИ КАНДИДАТИ СЕ ИЗБРАНИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа одлука се определува надоместокот на трошоците на организаторот на изборната кампања за дополнителните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во изборните единици број 73 и 74 - општина Центар - дел, чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, и тоа на:

- Социјалдемократскиот сојуз на Македонија - 3.795 х 15,00 = 56.925,00 денари.

2. Надоместокот на трошоците за избори од точка 1 на оваа одлука на организаторот на изборната кампања ќе се исплати од Буџетот на Република Македонија, најдоцна во рок од три месеца од поднесувањето на Финансискиот извештај за изборната кампања.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1776/1
24 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

---

**461.**

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 април 2002 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

I. За судии поротници во Основниот суд во Гевгелија се избрани:

1. Снежана Проданова,
2. Елена Савиќ,
3. Тинка Ташева,
4. Костадин Масенчев,
5. Христина Делева,
6. Сузана Терзиева,
7. Марина Шумкарова,
8. Коље Тасев,
9. Билјана Попова,
10. Тања П. Кавазова,
11. Славе Г. Крстевски,
12. Ирена Костова,
13. Драги П. Петков,
14. Фика Кабурова,
15. Киро Шунтов,
16. Блажо Миленковски,
17. Иринка Митева,
18. Моника Т. Андонова,
19. Тони Москов,
20. Благица К. Лазарова,
21. Ѓуро Ѓорѓиев,
22. Горан Тренчевски,
23. Владимир Нечков,
24. Весела Тодорова,
25. Васка Аџиева,
26. Жана Раденлиева,
27. Милица Ичоќаева,
28. Македонка Ангова,
29. Звонко Караманов,
30. Весна Кацинска,
31. Ристо Сапламаев,
32. Димитар Ристов,
33. Крсте Т. Ташев,
34. Радмила Јованова,
35. Јованка Чалкова,
36. Силвана Димова,
37. Светлана Стојковиќ,
38. Јадранка Јанчева,
39. Слаџана Брљамова,
40. Јован Николов,
41. Мирјана Стаменковска,